МИНИСТЕРСТВО ЗАОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено | 28. 10. 2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 11 212 | | |

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

Сиг. 07-05

# ПИЈАНО

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2009

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по предметот ***пијано*** за деветгодишното основно музичко образование.

## 1. ВОВЕД

Во второ одделение на деветолетката се изучуваат два наставни предмети: солфеж и инструмент по избор.

Наставниот предмет пијано започнува да се изучува во второ одделение и продолжува во сите наредни години на деветолетката.

Наставата по предметот пијано е индивидуална и се изведува практично.

- Фонд на часови: 2 часа неделно по 30 минути со индивидуална настава, 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД II-III одделение

Ученикот/ученичката:

- да развива љубов и интерес кон музиката и инструментот пијано;
- да ја негува љубовта кон класичната музика;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива способноста за музичко креирање преку употреба на импровизацијата;
- да покажува интерес и желба за изведување на разни музички активности;
- да стекне самодоверба при извршувањето на музичките активности;
- да ја развива самостојноста при совладување на нотен текст со сите негови музички термини и ознаки;
- да ја развива музичката меморија и вниманието;
- да препознава музичка реченица со прашање и одговор, правилно да ја креира преку импровизација и да ја изведува;
- да ги совлада дурските и молските скали до два предзнака во две октави;
- да стекнува и да ја развива умешноста за транспонирање во скали до два предзнака;
- да развива осет за стабилен и прецизен ритам при свирење;
- да го развива внатрешниот слух;
- да развива чувство за убава боја на звукот при изведба на пијаното;
- да го развива естетскиот вкус и критичкото мислење за вреднување на музиката;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други разни музички настани и приредби.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ПИЈАНО ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива љубов кон музиката преку изучување на пијаното;
- да се запознае со изразните можности на инструментот;
- да ги постави правилно рацете;
- да го научи правилниот став при свирењето;
- да се воведе во креативните вештини преку употреба на импровизацијата;
- да научи да свири од нотен текст во виолински и бас клуч;
- да научи што е музичка реченица и правилно да фразира;
- да го збогати емоционалниот живот преку свирење на композиции од разни жанрови;
- да развива музичка меморија;
- да научи дурски и молски скали до еден предзнак;
- да научи да транспонира во скали до еден предзнак;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да го развива естетскиот вкус и критичкото мислење за вреднување на музиката.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПИЈАНО | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги разликува различните именувања на инструментот пијано – клавир;<br>- да ги препознава деловите на инструментот;<br>- да објаснува за деловите на инструментот;<br><br>- да дискутира за изразните можности на инструментот; | - Запознавање со инструментот и неговите карактеристики | - Пијано, клавир (различни именувања)<br>- Клавијатура<br>- Црни и бели клавиши<br>- Останати делови на инструментот (жици, чеканчиња, педали, пулт, капак итн.)<br>- Ниски, средни и високи тонови<br>- Глисандо | - Запознавање на инструментот во стоечка позиција, без седење, поради поголема подвижност на детето, соодветно на возраста. |
| - да се воведува постепено во креативните вештини, преку употреба на импровизацијата;<br><br>- да ја постави правилно раката уште на првите часови;<br><br>- да импровизира едноставни мелодии од два до пет тонови; | - Импровизација на црни клавиши со свирење портато (вежби за поставување на раката, свирење по слух и импровизирање на мелодии од два до пет тонови, создавање на музички ликови: тигар, мечка, славејче итн., појави од природата: дожд, громови, сонце итн.) | - Запознавање со раката (прсти, зглоб, лакт и рамо)<br><br>- Прсторед<br><br>- Портато | - Свирење портато на црни клавиши (стоејќи, без седење) наизменично со двете раце:<br>• поставување на раката преку свирење низ целата клавијатура на разни комбинации на кластери на двете и трите црни клавиши (со 2 и 3 прст истовремено; 2,3 и 4 прст истовремено; тупаничка)<br>• свирење по слух и импровизирање на мелодии од два до пет тонови во пентатонска скала. |
| - да импровизира музички приказни со разни ликови и појави од природата како дожд, громови, сонце итн.; | - Импровизација на бели клавиши со свирење портато (транспонирање на претходните импровизации од црните клавиши на бели клавиши и создавање на нови) | | - Свирење портато на бели клавиши наизменично со двете раце:<br>• транспонирање на претходните импровизации од црните клавиши на бели клавиши и создавање на нови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да научи каде се наоѓаат седумте основни тонови на пијаното;<br><br>- да ги научи интервалите квинта, кварта, терца и секунда, прво преку свирење со нив на разни импровизации во вид на технички вежби за поставување на раката, музички ликови, свирење на лежечки интервал во едната рака и мелодија во другата рака и сл. Дури по практичната употреба на овие интервали, ученикот може да ги научи нивните имиња;<br>- да го совлада правилно седечкиот став при свирењето;<br><br>- да научи да свири композиции од ноти во виолински и бас клуч, и да ги учи напамет; | - Учење на седумте основни тонови на бели клавиши<br><br>- Импровизација на технички вежби за поставување на раката со квинти на црни и бели клавиши (со истовремено свирење на 1 и 5 прст)<br><br>- Импровизација на технички вежби за поставување на раката со кварти на црни и бели клавиши (со истовремено свирење на 1 и 4 прст; 2 и 5 прст)<br><br>- Импровизација на технички вежби за поставување на раката со терци на црни и бели клавиши (со истовремено свирење на 2 и 4 прст; 1 и 3 прст)<br><br>- Импровизација со секунди и комбинации на претходно свирените интервали | - Основни тонови (до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до)<br><br>- Квинта<br><br>- Кварта<br><br>- Терца<br><br>- Секунда<br><br>- Седечки став при свирењето<br><br>- Цела нота, цела пауза<br>- Половина нота, половина пауза, половина нота со точка и половина пауза со точка | - Наоѓање и свирење на секој од седумте основни тонови низ целата клавијатура. Свирење на основните тонови со секој прст наизменично во двете раце.<br><br>- Импровизирање на технички вежби за поставување на раката со квинти на црни и бели клавиши (со 1 и 5 прст истовремено) наизменично со двете раце. Вежбите се свират низ целата клавијатура. Свирење на квинта во лева рака и додавање на едноставна мелодија во десната рака и обратно.<br><br>- Импровизирање на технички вежби за поставување на раката со со кварти на црни и бели клавиши (со 1 и 4 прст истовремено; 2 и 5 прст истовремено) наизменично со двете раце. Вежбите се свират низ целата клавијатура.<br><br>- Импровизирање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се воведе постепено во процесот на компонирање преку самостојно довршување на композиции во кои недостигаат ноти, зададени од наставникот;<br><br>- да ги научи знакот за повторување, основната динамика и знаците за алтерации;<br>- да научи што се секвенци, прво преку свирење на разни импровизации со нив, а дури потоа да ги изучи теоретски;<br><br>- да го совлада свирењето стакато и легато;<br><br>- да научи што е музичка реченица, преку нејзино репродуктивно свирење и создавање, односно импровизирање на музички прашања и одговори;<br><br>- да ги развие способностите за едноставна анализа на музичката реченица;<br><br>- да научи да свири со две раце заедно од нотен текст; | - Седечки став при свирењето<br><br>- Музичко писмо и нотни вредности<br><br>- Такт 2/4, 3/4, 4/4, 3/8* и 6/8*<br><br>- Темпо<br><br>- Свирење на композиции кои содржат ноти во виолински и бас клуч<br><br>- Композиции со ноти кои недостигаат креирани од наставникот<br><br>- Знак за повторување<br><br>- Основна динамика<br><br>- Знаци за алтерации<br>- Импровизација со секвенци (стакато свирење)<br><br>- Импровизирање на технички вежби за легато (со разложени секунди, терци, кварти, секвенци и сл.)<br><br>- Музичка реченица (фраза) | - четвртина нота, четвртина пауза, четвртина нота со точка, четвртина пауза со точка<br>- Осмини ноти, осмини паузи<br>- Шеснаестини ноти и шеснаестини паузи **<br><br>- Ноти во виолински клуч (до1, ре1, ми1, фа1, сол1, ла1, си1, до2, ре2, ми2, фа2, сол2) и бас клуч (до1, си, ла, сол, фа, ми, ре, ДО, СИ, ЛА, СОЛ). ***<br><br>- Знак за повторување<br><br>- Динамика п, мф, ф, крешендо и декрешендо<br>- диез, бемол, бекар<br>- Стакато<br><br>- Секвенца<br><br>- Легато<br><br>- Музичка реченица (фраза), музичко прашање, музички одговор | технички вежби за поставување на раката со со терци на црни и бели клавиши (со 1 и 3 прст; 2 и 4 прст) наизменично со двете раце. Вежбите се свират низ целата клавијатура.<br><br>- Импровизација со комбинирање на квинти, кварти, терци и секунди на црни и бели клавиши наизменично со двете раце. Во левата рака може да се свират интервали со подолги нотни вредности и додека се држат да се свират интервали во десната рака. Истото може да се направи со обратни раце. Создавање на разни музички ликови преку комбинација на интервалите.<br>Ученикот се учи правилно да седи и да свири во седечка позиција.<br><br>- Свирење на композиции од ноти во виолински и бас клуч по избор на наставникот. Учење на композициите напамет. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да научи што е скала, стапала и каденца;<br><br>- да научи да свири со подметнување на палец;<br><br>- да ги совлада дурските и молски скали до еден предзнак и да научи да транспонира во нив. | со нејзините составни делови:<br>музичко прашање и музички одговор;<br>- Свирење на композиции со музички прашања и одговори;<br>- Импровизирање на музички прашања и одговори;<br><br>- Свирење со две раце заедно од нотен текст<br><br>- Акценти<br><br>- Скала, стапала и каденца (V - I стапало)<br><br>- Свирење на Це-дур, Ге-дур и Еф- дур со подметнување на палец<br><br>- Свирење на а-мол, е-мол и де-мол со подметнување на палец | - Скала, стапала и каденца (V - I стапало)<br><br>- Це-дур, Ге-дур и Еф- дур<br><br>- а-мол, е-мол и де-мол | - Свирење и довршување на композиции креирани од наставникот во кои недостигаат неколку ноти. Ученикот има за задача сам да одлучи кои ноти ќе ги свири на местата каде тие недостигаат. Пожелно е тој да ги запише нотите во текстот.<br><br>- Импровизирање на секвенци со свирење стакато.<br><br>- Импровизирање на технички вежби за легато (со разложени секунди, терци, кварти, секвенци и сл.).<br><br>- Свирење од ноти на композиции со музички прашања и одговори.<br><br>- Импровизирање на музички прашања и одговори.<br><br>- Свирење на композиции од ноти со две раце заедно по избор на наставникот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Импровизирање на музички прашања и одговори и нивно транспонирање во Це-дур, Ге-дур и Еф- дур, односно а-мол, е-мол и де-мол. Прашањата и одговорите може да содржат секвенци, разложени интервали, да се движат во различни правци итн. |

* 3/8 и 6/8 такт не се задолжителни за изучување. Може да се учат доколку ученикот е спремен за нивно совладување.
** Шеснаестините не се задолжителни за изучување. Може да се учат доколку ученикот е спремен за нивно совладување.
*** Ученикот може да совлада и други ноти по сопствена желба и потреба.

**6. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ**

Првите часови по пијано треба да се состојат исклучиво од свирење по слух и импровизирање. Овие активности му овозможуваат на почетникот веднаш да започне со свирење на инструментот и да ги истражува неговите изразни можности, без да се ограничува на читање на нотното писмо.

Се препорачува да се почне со свирење и импровизирање на црни клавиши, поради нивната прегледност. Пентатонската скала која ја содржат црните клавиши, овозможува разните звучни комбинации да не звучат погрешно, што е посебно важно за почетниците. Ова, исто така, е поволно за различни четворорачни комбинации со наставникот, кои музицирањето на пијано го прават поинтересно.

Поради младата возраст на учениците, се препорачува во првите часови тие да свират стоејќи. Стоењето овозможува тие да бидат подвижни, стабилни и да можат да свират низ целата клавијатура.

По исцрпувањето на можностите на свирење и импровизирање на црните клавиши, се продолжува се свирење и импровизирање на белите клавиши. Прво се транспонираат веќе свирените мелодии по слух и импровизации од црни на бели клавиши.

Импровизацијата во почетната настава по пијано им овозможува на малите почетници "учење преку практикување", односно совладување на одредени теоретски концепти прво преку нивна практична употреба, а дури потоа преку нивно теоретско изучување. Така, на пример, интервалите секунда, терца, кварта и квинта, прво се изучуваат практично преку импровизирање со нив на разни технички вежби за поставување на раката, музички ликови, свирење на лежечки интервал во едната рака со мелодија во другата рака итн. Откако ученикот практично ќе ги усвои овие интервали, спремен е да ги изучи нивните имиња теоретски. Овој начин на "учење преку практикување", му овозможува на ученикот полесно да ги разбере и усвои музичките теоретски поими.

"Учењето преку практикување" продолжува и со изучувањето на секвенците, музичката реченица со нејзините составни делови прашање и одговор, каденцата, транспонирањето во тоналитети до еден предзнак итн.

По правилното поставување на раката преку импровизациите на техничките вежби со интервали, ученикот е спремен да почне со свирење на композиции од нотен текст во правилен седечки став на пијаното. Пожелно е ученикот да свири композиции кои истовремено содржат ноти во violinски и бас клуч, односно започнуваат со совладување на нотите од централно "до1" во двата клуча и ја користат петопрстната позиција.

За подоброто совладување на нотното писмо во двата клуча, ученикот може постепено да се воведува во процесот на компонирање, имајќи за задача да доврши композиции во кои недостигаат одредени ноти. Овие композиции може да бидат создадени од наставникот и да ги содржат потребните задачи за совладување.

Импровизацијата и свирењето композиции од ноти треба паралелно да се изучуваат и надополнуваат.

## 7. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето е описно и содржи краток текст. Наставникот треба да има индивидуален пристап при оценувањето на секое дете. Во текот на наставата редовно се следат, вреднуваат постигањата на ученикот и се прибираат показатели за неговата активност.

Во согласност со можностите на детето, неговата зрелост, надареност, способност и афинитети, треба да се вреднуваат неговите активности, постигнувања, посветеност и мотивираност за музичкото изразување.

На крајот од годината се препорачува да се одржи јавен час отворен за родителите, наставниците и другите заинтересирани, на кој детето практично ќе ги презентира своите активности и постигања од тековната школска година.

**Испитната програма** се состои од: четири пиеси со различен карактер, кои се свират со две раце заедно и напамет. Една од пиесите може да биде и сопствена композиција, настаната од импровизациите во текот на наставата.

## 8. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 9. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа по пијано во втора година може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност - оддел за пијано.

## ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по пијано за деветгодишно основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Министер

____________________

Никола Тодоров

______________2009 година

С к о п ј е

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-3260/2
20-10-2009 200__ год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * 2 * СКОПЈЕ *